Совет за унапредување и надзор на ревизијата

# УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ОД СТРАНА НА СУБЈЕКТИТЕ НА КОНТРОЛА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРЕПОРАКИТЕ ОД ИЗВРЕШЕНИТЕ КОНТРОЛИ

Ул. "11 Октомври" бр. 7/2 спрат Г.Т.Ц 6 секција – Скопје / П. Фах бр. 488 / тел: + 389 02 3 222 667

Врз основа на член 14, а во врска со член 20-а став (6) од Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 184/14, 145/15, 192/15, 23/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 06.04.2026 година го донесе следното

**УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ОД СТРАНА НА СУБЈЕКТИТЕ НА КОНТРОЛА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРЕПОРАКИТЕ ОД ИЗВРЕШЕНИТЕ КОНТРОЛИ**

Со ова Упатство се опишува подетално начинот и формата на доставување на *Извештај за реализација на препораки од контрола на квалитет* од страна на друштвата за ревизија и овластени ревизори-трговци поединци по рокот за реализација на дадените препораки, како што е наведено во член 20-а став (6) од Законот за ревизија (Службен весник на Република Македонија“ бр.158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21), што ја вклучува содржината и видот на податоците што се доставуваат од страна на субјектите кои биле предмет на контрола на квалитет, во врска со реализација на препораките и отстранување на идентификувани недостатоци, неправилности и незаконитости.

Доставените податоци ќе претставуваат основа за подетален преглед на реализираните препораки од страна на субјектите кои биле предмет на контрола на квалитет, како и подобрување на системот за контрола ка квалитет во друштвата за ревизија и овластени ревизори-трговци поединци.

**Начин на доставување на податоците**

(1) Друштвата за ревизија и овластените ревизори-трговци поединци доставуваат до СУНРРСМ и ИОРРСМ соодветни извештаи и податоци за статус на реализација на дадените препораки од спроведената контролата на квалитет во согласност со член 20-а став (6) од Законот за ревизија.

(2) Од друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци се бара да го користат образецот *Извештај за реализација на препораки од контрола на квалитет* во ексел формат, со пополнување на предвидените колони по однос на дадените препораки/наоди и истите да се достават заклучно **во рок од 3 дена од последната спроведена имплементација.**

(3 ) Податоците треба да се пополнат со македонска подршка.

(4) СУНРРСМ и ИОРРСМ собираат и обработуваат податоци од друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци со цел исполнување на релевантните законски надлежности на двете институции, а во согласност со прописите што ја регулираат заштитата на личните податоци.

(5) Извештајот за реализација на препораки од контрола на квалитет да се доставува исклучиво по електронски пат, заради обемот и олеснување на обработката на истите.

**Начин на пополнување на податоците**

Во табелата подолу се дадени објаснувања за пополнување на податоците кои се бараат за секоја посебна колона на извештајот:

(1) Прашањата во колоните со број од 1 до 8 (дадени во приказ 1 подолу) се пренесуваат од РПР обрасците за контрола на квалитет на ниво на ангажман, а кои се дел од конечниот Извештај за спроведена контрола на квалитет кај субјектот.

(2) Сите препораки/наоди треба да се доставуваат во една табела во еден таб, последователно едно под друго за сите ангажмани опфатени со контролата, а со цел изготвување на попрегледна табела со сите препораки.

**Приказ 1. Колони кои се пренесуваат од РПР обрасците за контрола на квалитет на ниво на ангажман**

| Прашање | Број | Оценка | Опис на фактите и релавантните информации | Препораки | Опис на ублажувачките фактори | Планирани дополнителни дејствија (акциски план за корективни дејствија) | Очекуван датум на имплементација на препораката |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) | (4) | (5) | (6) | (7) | (8) |

(3) Колоните со број 9, 10 и 11 ги пополнува друштвото за ревизија или овластениот ревизор – трговец поединец, а се однесуваат на податоци во врска со статусот на имплементација на препораката, опис на реализираните активности и референца на доказ за реализација на истите.

(4) Во колоната 9 треба да се одбере статусот на реализација на препораката, односно **„реализирано“**, **„делумно реализирано“**, **„нереализирано“** или **„во тек“**.

(5) Последователно, откако ќе се пополнат колоните со број 9, 10 и 11, доколку е потребно се пополнуваат колоните 12 и 13. Поконкретно, доколку колоната со број 9 има статус различен од **„реализирано“, односно имаат статус „делумно реализирано“, „нереализирано“** или **„во тек“, тогаш се пополнуваат колоните 12 и 13, каде ќе се наведат причините и планираните активности до целосна реализација на овие препораките, како и рок за нивна реализација.**

**Приказ 2. Колони кои се додаваат во РПР обрасците и ги пополнува друштвото за ревизија или овластениот ревизор – трговци поединец за контрола на квалитет на ниво на ангажман**

| Статус на реализација на препораката | Опис на реализираните активности по препораката | Референца на доказ за реализираните активности по препораката (се дава како прилог на овој документ со точна референца на истиот) | Причини и планирани активности до целосна реализација на препораките што се во статус Делумно реализирано/ Нереализирано/ Во тек | Рок за реализација на препораките што се во статус Делумно реализирано/ Нереализирано/ Во тек |
|---|---|---|---|---|
| (9) | (10) | (11) | (12) | (13) |
| (колоната ја пополнува ДР/ТП со одбирање на статус од претходно определено паѓачко мени) | (колоната ја пополнува ДР/ТП) | (колоната ја пополнува ДР/ТП) | (колоната ја пополнува ДР/ТП, доколку колона (9) е со статус поинаков од Реализирано) | (колоната ја пополнува ДР/ТП, доколку колона (9) е со статус поинаков од Реализирано) |

## ДАТУМ НА СТАПУВАЊЕ ВО СИЛА

Ова Упатство за начинот на доставување на податоци од друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци стапува во сила со денот на неговото донесување од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 01.05.2026 година.

**в.д Претседател на Советот,**
**Филип Василески**

Бр. 02-113/1
06.04.2026

Ул. “11 Октомври” бр. 7/2 спрат Г.Т.Ц 6 секција – Скопје / П. Фах бр. 488 / тел: + 389 02 3 222 667